РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-871/10
25-02-2021 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗИМ СКОПЈЕ АД
Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД
Бр. 03-369
25.02.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги
## за
## *Вршење на стручно технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта во РСМ*

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Министерство за образование и наука,** со седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, претставувано од Министерката Мила Царовска, (во понатамошниот текст „Корисник на услуги") од една страна,
и
**Б. Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД-Скопје,** со седиште на ул. Живко Чинго бр. 16, 1000 Скопје, застапувано од Управителот м-р Борис Танески дги (во понатамошниот текст „Давател на услуги„) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на услуги за *Вршење на стручно технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта во РСМ,* врз основа на Одлука за јавна набавка на услуги со Арх.бр. 10-14914/1 од 23.12.2020 година, за поедноставена отворена постапка, преку „ЕСЈН", која завршува со *е-аукција,* по објавен Оглас бр. 19735/2020, согласно Тендерска документација Арх.бр. 10-14914/3 од 28.12.2020 година, Одлука за избор на најповолна понуда Арх.бр. 10-871/7 од 09.02.2021 година и Конечна понуда Арх.бр. 10-871/9 од 17.02.2021 година.

**Член 2**

Стручно техничкиот надзор треба да се изведе во се според важечките прописи, правила и стандарди.

Местата на извршување на услугата за стручно технички надзор над рехабилитација на 8 (осум) основни и средни училишта се:

1. СОУ „Мирче Ацев", Прилеп
2. ОУ „11-ти Октомври", Куманово
3. ОУ „Ванчо Прке", Делчево
4. ОУ „Крсте Петков Мисиркив", Оризари - Кочани
5. ОУ „Ѓорче Петров", Ѓорче Петров
6. СОУ „Панче Арсовски" Гази Баба
7. СОУ „Гостивар", Гостивар
8. ОУ „Елпида Караманди", Битола

**Член 3**

Со овој Договор, Корисникот на услуги и Давателот на услуги ги регулираат своите права и обврски.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОР

**Член 4**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР

**Член 5**

Вредноста на овој Договор изнесува 490.000,00 денари без ДДВ. Износот на ДДВ е 88.200,00 денари.

Вкупната вредност на договорот е 578.200,00 денари со ДДВ.

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целиот период на времетраење на реализацијата на предметот на договорот.

| бр. | Назив на училиште | Населено место | Општина | Фаза на рехабилитација | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СОУ Мирче Ацев | Прилеп | Прилеп | прозори<br>фасада<br>санитариии<br>подови | **117.173,91** |
| 2 | ОУ 11-ти Октомври | Куманово | Куманово | прозори<br>санитарии<br>подови | **85.217,40** |
| 3 | ОУ Ванчо Прке | Делчево | Делчево | подови | **63.913,04** |
| 4 | ОУ Крсте П.Мисирков | Оризари | Кочани | кров | **63.913,04** |
| 5 | ОУ Ѓорче Петров | Ѓорче Петров | Ѓорче Петров | кров | **53.260,87** |
| 6 | СОУ Панче Арсовски | Гази Баба | Гази Баба | санитарии | **42.608,70** |
| 7 | СОУ Гостивар | Гостивар | Гостивар | санитарии | **31.956,52** |
| 8 | ОУ Елпида Караманди | Битола | Битола | прозори | **31.956,52** |
| | | | | Вкупно без ДДВ | **490.000,00** |

## V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Плаќањето ќе се врши периодично, согласно со процентот на износот на заверените времени ситуации на Изведувачот, односно заверената Завршна ситуација доставени до договорниот орган од страна на Изведувачот, врз основа на претходно предадени Месечни извештаи за извршениот надзор над градбата, односно предаден Завршен извештај за извршениот надзор над градбата доставени до Договорниот орган од страна на понудувачот и тоа во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурите во архивата на Министерството за образование и наука.

Цената по објект останува непроменета и во случај на намалување или зголемување на вредноста на договорите за рехабилитација, како и во случај на промена на рокот за вршење на стручно технички надзор.

Давателот на услуги е должен да доставува посебни фактури за секој објект поодделно.

За извршување на договорот не е предвидено авансно плаќање.

## VI.НАЧИН И РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Давателот на услуги е должен предметот на договорот да го извршува континуирано за цело времетраење на изведба на градежните работи за рехабилитацијата на училиштата, вклучувајќи го и периодот за интерен технички прием и отстранување на евентуални недостатоци од страна на Изведувачот.

Предвиден рок за изведување на работите за рехабилитација на училиштата е 6 (шест) месеци од воведување во работа.

Рокот утврден во став (2) од овој Член, претставува максимален рок согласно поединечните договори за изведба на рехабилитација на училиштата.

За секој објект, поединечните рокови се утврдени во договорите за изведба на рехабилитација на училиштата.

Рокот за изведување на работите започнува од денот на воведување во работа на Изведувачот од страна на надлежните лица од Корисникот на услуги и Давателот на услуги.

Корисникот на услугите го задржува правото да не започне со изведба на сите предвидени училишта за рехабилитација.

**Член 8**

Времетраењето на договорот е 9 (девет) месеци.

Доколку се продолжи времетраењето на изведбата ќе се продолжи и времетраењето на договорот, без зголемување на надоместокот односно, без корекција на единечните цени за стручно технички надзор наведени во Член 5 од овој Договор.

Корисникот на услуги го задржува правото да побара почеток на услугата за стручно технички надзор и пред предвидениот термин, а по склучување на овој Договор.

## VII.ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИ

**Член 9**

Давателот на услуги - (Надзорниот орган) треба да ги извршува услугите стручно и квалитетно, согласно постојните прописи во градежништвото при што се обврзува:

- Да именува одговорен инженер за вршење на услугата и да назначи персонал соодветно на позициите кои се изведуваат, а за тоа писмено да го извести (Инвеститорот)-Корисникот на услуги, во рок од 3 дена, од потпишување на договорот;
- Редовно да биде присутен на локациите при изведба на градежните работи за рехабилитација на училиштата, за цело времетраење на работите;
- Да бара од Изведувачот да ги исполни основните барања за градбата и другите услови согласно проектната документација, Законот за градење и други закони и подзаконски норми.
- Да бара од Изведувачот задолжителна примена на македонските и европските стандарди.
- Да утврди дали учесниците во изградба се во редовен работен однос и ги имаат соодветните лиценци и овластувања.
- Да бара од Изведувачот градежните материјали кои ќе се користат, нивните технички својства и другите технички барања задолжително да се во согласност со барањата на Корисникот на услуги прецизно опишани во предмерот.
- Да бара од Изведувачот да доставува атести за материјалите кои ќе се вградуваат, пред нивно вградување, како и анализи од резултати за контрола на квалитот на градежните материјали.
- Одобрувањето на градежните материјалите и градежните производи, исклучиво да се врши со писмен документ, одобрен и потпишан од претставник на Корисникот на услуги, Давателот на услуги и Изведувачот на работите.
- Вградувањето на градежните материјали и градежните производи, исклучиво да се врши после одобрување на истите.
- Да бара од Изведувачот на градежните работи да се придржува на сите инструкции дадени од Надзорот, во врска со движењето на механизацијата, материјалите и работната сила.
- Секојдневно да следи дали се применуваат мерките за безбедност и сигурност на луѓето, материјалите и околината.
- Редовно да ги прегледува, контролира количините на извршени работи во времените месечни ситуации и завршната ситуација, дали се во согласност со изведените работи и со предмерот, составен дел на договорот за градежни работи за изведба на рехабилитација на училиштата, врз основа на извршените снимања и/или мерења на количините и податоците од градежната книга и градежниот дневник.

- Редовно да ги контролира изведувањето на предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план за работа.
- Редовно да го прегледува, контролира и заверува градежниот дневник кој го води Изведувачот.
- Задолжително да изготвува и до Корисникот на услуги (Инвеститор), да доставува неделни извештаи (на меил), месечни извештаи (хартиено) и извештај по секоја изготвена времена ситуација. Недоставувањето на извештаи е основ за еднострано раскинување на договорот;
- До Корисникот на услуги (Инвеститор), да доставува писмени месечни извештаи за изведените работи, прилог кон секоја месечна времена и завршна ситуација, како и завршен надзорен извештај прилог на извештајот за технички прием.
- Да го информира Корисникот на услуги за сите недостатоци и/или неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник.
- Да доставува одговор/мислења до Корисникот на услуги (Инвеститор), по писмени барања и предлози од Изведувачот, во рок не подолг од 5 (пет) дена, како и да предлага решенија доколку има спорни или недефинирани позиции.
- Да ја намали вредноста на времената ситуација во согласност со одредбите од договорот за изведба на градежни работи за рехабилитација на основни и средни училишта, а за истото треба да изготви и образложение прилог кон времената ситуација;
- Да ја пресмета вредноста на договорната казна и да побара книжно одобрение од изведувачот, а за истото да даде образложение во извештајот од Надзорниот огран , прилог кон завршната ситуација

## VIII. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГИ

### Член 10

Корисникот на услуги се обврзува да ја исплати вредноста на договорот на начин утврден со овој Договор.

Корисникот на услуги се обврзува да му овозможи на Давателот на услуги можности за непречено извршување на услугите за стручно технички надзор.

Корисникот на услуги е должен да назначи одговорни лица, за секој објект поединечно, кој ќе ја следат реализацијата согласно одредбите на договорите за изведба на рехабилитацијата на училиштата и Договорот за вршење на стручно технички надзор.

Нарачателот е должен со овој договор да определи одговорно лице и замена за следење на реализација на договорот или со овластување на определи друго одговорно лице за следење на реализација на договорот по склучување на договорот, за кое што писмено го известува Изведувачот.

Одговорни лица за следење на реализација на Договорот кај Нарачателот се:

| бр. | Назив на училиште | Населено место | Општина | Фаза на рехабилитација | Супервизор-одговорно лице | Заменик Супервизор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СОУ Мирче Ацев | Прилеп | Прилеп | прозори<br>фасада<br>санитариии<br>подови | Јане Калчоски | Никола Бужаровски |
| 2 | ОУ 11-ти Октомври | Куманово | Куманово | прозори<br>санитарии<br>подови | Никола Бужаровски | Александар Цветков |
| 3 | ОУ Ванчо Прке | Делчево | Делчево | подови | Александар Цветков | Константин Жежељ |
| 4 | ОУ Крсте П.Мисирков | Оризари | Кочани | кров | Александар Цветков | Ненад Коковиќ |
| 5 | ОУ Ѓорче Петров | Ѓорче Петров | Ѓорче Петров | кров | Константин Жежељ | Јане Калчоски |
| 6 | СОУ Панче Арсовски | Гази Баба | Гази Баба | санитарии | Константин Жежељ | Ненад Коковиќ |
| 7 | СОУ Гостивар | Гостивар | Гостивар | санитарии | Никола Бужаровски | Ненад Коковиќ |
| 8 | ОУ Елпида Караманди | Битола | Битола | прозори | Јане Калчоски | Ненад Коковиќ |

Одговорно лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- ќе следи дали договорот се реализира според Одобрението за градба, Основниот ревидиран проект, барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка бр. 19735/2020, според понудата на Изведувачот и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- обезбедува документација потребна за изведба на работите што се предава на Изведувачот на денот на склучување на Договорот согласно одредбите од овој договор, за што изготвува и потпишува Записник за примопредавање на документацијата;
- учествува на лице место во вовед во работа;
- врши увид на лице место над изведба на работите најмалку 2 пати во месецот, за што сочинува Извештај од извршениот увид;
- пред надзорниот орган и пред Изведувачот ќе ги истакнува барањата и сугестиите на Нарачувачот при изведувањето на работите;
- ќе го следи почитувањето на роковите утврдени во динамичниот план;
- ги потврдува времените месечни ситуации претходно потврдени од страна на

надзорниот орган, со што гарантира дека работите се извршени согласно договорот;

- по извршениот технички прием ги прима објектите при примопредавањето како и
- ги врши сите работи и презема соодветни активности што произлегуваат од одредбите на овој договор како обврска на Нарачувачот.
- ги координира преставниците на Изведувачот, Надзорниот орган, Општината, Училиштето и а по потреба и други релевантни учесници за изведба на работите предмет на овој договор, за увид на лице место, за меѓусебни консултации и слично;
- организира координативни состаноци според утврден распоред и иницира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек- листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор; Извештајот особено содржи и дел за генерално стручно видување за реализација на договорот, дава осврт на работите што евентуално довеле до ризик за ненавремено, неквалитено или некоординирано извршување на работите или придонеле за настанување на штета или имале друго негативно влијание врз реализација на договорот и задолжително дава свое стручно мислење со предлози што ќе придонесат за подобрување на резултатите и намалување на ризиците за изведба на сличен проект;
- учествува на лице место при техничкиот прием за што се потпишува на Записникот за технички прием;
- учествува во подготовка на документацијата за пренесување на вредноста на градежните работи за објектите предмет на овој договор на Корисникот на објектот
- при примопредавње на објектот или во разумен рок по примопредавање на објектот го запознава Корисникот на објектот за обезбедување на услови за почитување на упатствата за одржување на училишни објекти, за што обезбедува писмено известување од Корисникот на објектот дека одговорното лице го запознало со упатствата за одржување кои задолжително ќе ги применува како добар стопанственик;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Нарачателот;
- врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на на барање на Нарачателот;

Нарачателот е должен најмалку еднаш во месецот да организира координативни

состаноци за текот на реализација на проектот, за што составува Записник од секој состанок.

## IX. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Давателот на услуги - избраниот најповолен понудувач е должен да достави гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина 10% (десет проценти) од вредноста на договорот со вклучен ДДВ. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, избраниот најповолен понудувач ја доставува во рок од 5 (пет) дена од потпишување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосно реализирање на договорот, односно ќе го опфаќа периодот (времетраење на договорот) продолжено за дополнителни 30 (триесет) дена.

Гаранцијата од став (1), се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, издадена од реномирана банкарска институција, резидентна во Република Северна Македонија, по слободен избор на Давателот на услуги. За Корисникот на услуги се прифатливи сите банки.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Давателот на услуги не ги почитува одредбите од договорот.

Во случај да не се извршува предметот на набавката навремено или доколку не прифати да направи корекции за забелешките кои ќе ги утврди Корисникот на услуги или во случај на неисполнување на некоја од обврските кои ќе бидат дефинирани во договорот, Корисникот на услуги ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот по 10 (десет) дена од денот на доставената писмена опомена до Давателот на услуги.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Корисникот на услуги ќе објави до ЕСЈН негативна референца.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Корисникот на услуги му ја враќа на Давателот на услуги лично во седиштето на Корисникот на услуги во рок од 14 (четиринаесет) дена, од целосно реализирање на договорот. Корисникот на услуги може да побара продолжување на важноста на банкарската гаранција доколку тоа го процени за потребно, особено доколку се продолжи времетраењето на договорот, а Давателот на услуги е должен тоа да го даде.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Овој договор може да биде раскинат доколку Корисникот на услуги и Давателот на услуги не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 13**

Корисникот на услуги може еднострано да го раскине овој Договор ако Давателот на услуги прекрши некоја одредба од договорот, а прекршувањето не го исправи во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Корисникот на услуги, како и во случај кога Давателот на услуги по своја вина престане да извршува стручно технички надзор при изведба на градежните работи во период подолг од 3 (три) дена.

**Член 14**

Овој Договор се смета за раскинат и не предизвикува правни дејствија ако:

- Давателот на услуги стане инсолвентен во континуиран период подолг од 15 (петнаесет) дена.
- против Давателот на услуги биде поднесен предлог за отворање на стечајна постапка или ликвидациона постапка.
- Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Давателот на услуги,

Давателот на услуги е должен на Корисникот на услуги, веднаш и без одлагање да му ги подмири обврските како и штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани со таквите состојби.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Договорната страна која е согласна на измена и/или дополнување е должна својата согласност да ја достави до другата страна во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат и со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор во писмена форма.

**Член 16**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот Суд во Скопје.

**Член 17**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 18**

Овој Договор е составен во 6 (шест) идентични примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**КОРИСНИК НА УСЛУГИ,**
**Министерство за образование и наука**

**МИНИСТЕРКА,**
Мила Царовска

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,**
**Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии Скопје АД Скопје**
**УПРАВИТЕЛ,**
м-р Борис Танески, дги

Изготвил:Наташа Трпковска
Контролирал:Вулнет Салиу
Одобрил:Маја Бичиклиска